Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

ул. Македонија бр. 19 1000, Скопје
тел./факс 023129335 ;
email: contact@ombudsman.mk

НП бр.**977/20**
**10.08.2020** год.
**Скопје**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 10 -08- 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. N esia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shto ce: | Вредност: Vlerë: |
| | | | |

**До**
**Министерство за образование и наука**
**- за министерот Арбер Адеми**

**ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54**
**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Доставување на Посебен извештај**

Народниот правобранител Ви доставува Посебен извештај за предизвиците, проблемите и предностите на реализираната он лајн настава (далечинско учење) за учениците со попреченост во посебните основни и средни училишта, кој содржи приказ на состојбата со препораки за преземање мерки за надминување на констатираните слабости.

Народниот правобранител укажува дека достапноста, пристапноста, приспособливоста и прифатливоста на образовниот систем, и во редовни и во време на вонредни состојби, се итни обврски на државата која е потписник на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Оттука, обезбедувањето на правото на образование подразбира зајакнување на капацитетот на образовниот систем во целина, со цел да допре до сите ученици, целосно и ефективно учество, пристапност, присуство и успех на сите ученици, особено оние, кои поради различни причини, се исклучени или се во ризик да бидат маргинализирани.

Со почит,

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**Иџет Мемети**

**Прилог: Посебен извештај**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ, ПРОБЛЕМИТЕ И ПРЕДНОСТИТЕ НА РЕАЛИЗИРАНАТА ОНЛАЈН НАСТАВА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Август, 2020**

## 1. Вовед

Народниот правобранител, согласно членовите 2 и 11-б од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 60/03, 114/09, 118/16, 189/16 и 35/18), преку посебното Одделение за заштита на правата на децата и лицата со попреченост врши превенција, следење на состојбите со остварување на правата и обезбедува посебна заштита на правата на децата и лицата со попреченост. Воедно ја мониторира имплементацијата на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, па оттаму посветено го следи остварувањето на правото на образование на учениците со посебни образовни потреби, вклучително и образованието на децата (учениците) со попреченост, односно дали истото е согласно гореименуваната Конвенција, Конвенцијата за правата на детето, како и Законот за основното образование и Законот за средното образование.

Поради ситуацијата со Ковид-19, почнувајќи од 11.03.2020, па сé до крајот на учебната 2019/20 година наставата во сите воспитно-образовни установи се спроведуваше преку учење од далечина. Имено, Владата на Република Северна Македонија на 15-та редовна седница одржана на 10.03.2020 година по сугестија на Комисијата за заразни болести на Министерството за здравство одлучи воспитно-образовниот процес и наставата во сите детски градинки, основни и средни училишта и високо-образовни установи да биде прекинат во времетраење од 14 дена, како една од дополнителните мерки и активности за превенција од ширење на коронавирусот. Пред истекот на 14 дневниот прекин на образовниот процес, на 26-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2020 година, беа донесени Уредбите со законска сила, со кои наставата во сите основни и средни училишта, се организираше преку далечинско учење односно учење од дома.

Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба, како и Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба беа објавени во Службен весник на РСМ бр.76/20 од 24.03.2020 година.

Согласно одредбите од овие уредби наставата во основните и средните училишта се организира *со примена на средства за електронска комуникација*

кои обезбедуваат реализација на наставата без заедничко физичко присуство на учесниците во наставниот процес и *кои овозможуваат взаемна двонасочна комуникација*. Притоа, средства за електронска комуникација можат да бидат *видео-конференциски платформи, електронска пошта или други системи за електронска размена на податоци, а за* употреба на видот на средствата за електронска комуникација *одлука донесува самото училиште*. За периодот на организирање на наставата во училишта преку далечинско учење односно учење од дома, *наставникот може да изврши оценување на учениците*. Со примена на средствата за електронска комуникација може *да се спроведат испрашувања, тестирања* на учениците или да се користат *други форми на утврдување и оценување на знаењето* на ученикот.

Следејќи ги состојбите со остварувањето на правата на децата Народниот правобранител, на крајот на март достави Препорака до Владата на Република Северна Македонија со цел заштита на ранливите категории граѓани во услови на пандемија од вирусот Ковид-19. Притоа укажа дека одредени категории граѓани како што се децата, старите и изнемоштени лица, лицата со попреченост, социјално загрозените лица, лицата/семејствата кои живеат во субстандардни услови и бездомниците, како најранливи категории во општеството, стануваат уште поранливи во услови на здравствена криза. Во насока на унапредување на грижата на државата за сите граѓани, а особено на децата со попреченост, имајќи предвид дека беше отпочнато со он чајн настава, Народниот правобранител препорача преземање дополнителни мерки и активности заради осигурување дека *онлајн наставата е достапна за секое дете, заради остварување на правото на непречено образование, укажувајќи дека недостигот на финансиките средства и технолошките можности може да бидат пречка секое дете/семејство да биде вклучено во овој начин на воспитно-образовна надградба, имајќи ги притоа предвид и потребите на децата со попреченост како во посебните училишта така и оние вклучени во инклузивното образование.*

Дополнително, Народниот правобранител, преку јавувања од родители се стекна со сознанија за проблемите со кои се соочуваат во реализирање на образованиeто од дома, односно дека образовните институции не се одготвени за далечинско учење, особено во почетокот на кризата, а дека најпогодени се

учениците што живеат во руралните средини, учениците од социјално загрозените семејства и особено учениците со попреченост.

Имено, сите ученици немаа пристап до потребната технологија, средства и интернет за реализација на зададените задачи од страна на наставниците, а ниту пак добиваа исто ниво на поддршка во домот- факт кој дополнително води до нееднаквост и неможност за целосно вклучување во процесот на учење и совладување на знаења, умеења и вештини.

Во корелација со изложеното, а заради правилно и целосно согледување на фактичката состојба, Народниот правобранител согласно надлежностите писмено се обрати до посебните основни и средни училишта во Република Северна Македонија, односно до државните училишта во кои учат ученици со попреченост, со Барање да достават објаснување, информации и докази за тоа кога започнале со реализација на онлајн наставата и кои едукативни платформи, односно кои начини и облици на електронска комуникација ги употребувале за контакт со учениците/родителите/старателите. Во однос на техничките аспекти за реализација на онлајн наставата побара известување дали наставничкиот кадар располага со ресурси и информатички познавања за спроведување на истата, дали и колку ученици поради објективни причини не можеле да следат онлајн настава и што било преземено во случаи кога учениците немале технички можности и интернет да следат онлајн настава. Од училиштата исто така, побара да достават одговор во врска со тоа дали за учениците воделе е-портфолија[1], на кој начин ги евидентирале повратните одговори и колку често ги добивале истите, колку родителите/старателите биле вклучени за време на онлајн наставата, односно дали учениците имале поддршка од семејството за совладување на наставните содржини и активности, дали и какви одговори добиле од нив за ефектот од ваквата настава. Народниот правобранител, меѓу другото се интересираше дали и каква поддршка им нудело училиштето (наставничкиот кадар и стручната служба) на учениците и нивните родители за справување со негативните психолошки последици, при што како директно вклучени во овој процес побара нивна проценка за тоа колку учениците

[1] *е-портфолио*, - збирка на цртежи, решени задачи, ракописи, одговорени тестови за она што го сработиле учениците во текот на на наставата, креирано во електронска форма.

од односните училишта можеле да следат онлајн настава, односно колку онлајн наставата била соодветна на нивните способности и можности за учење.

Воедно, од училиштата се бараше да ги наведат предизвиците и проблемите со кои се соочиле учениците и нивните родители во периодот на реализирање на онлајн наставата и дополнително предностите на онлајн наставата во споредба со класичниот начин на реализирање на наставата.

Барањето за објаснување, информации и докази беше доставено до вкупно 9 основни и средни училишта, односно до 4 посебни основни училишта за ученици со интелектуална попреченост, 2 посебни средни училиште за ученици со интелектуална попреченост, 1 основно и 1 средно училиште за деца со оштетен слух и 1 државно (основно и средно) училиште за ученици со оштетен вид.*

Одговор на барањето добивме од сите училишта, а анализата на добиените одговори следува подолу.

## 2. Анализа на добиените одговори

### 2.1. Анализа на одговорите добиени од основните училишта

#### 2.1.1. ПОУ „Д-р Златан Сремец“ – Скопје (Посебно основно училиште за ученици со интелектуална попреченост)

Наставата во ова училиште од 18.03.2020 се организирала преку учење од дома со примена на средства за електронска комуникација а врз основа на изготвен План за реализација на далечинско учење. За успешна реализација на планот бил формиран тим за поддршка и следење на онлајн наставата.

Наставниците во соработка со учениците и нивните родители наставата ја изведувале со објавување на наставни содржини на платформата Google Drive, насловена како „Учиме од далеку“, или преку користење на алтернативни

* Барањето беше доставено до: ПОУ „Д-р Златан Сремец“, ПОУ „Иднина“, ПОУ „Маца Овчарова“, ПОУ „Св. Климент Охридски“, Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор, глас и други проблеми во развојот „Кочо Рацин“, Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“, Државно средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“, Државно средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ и Државен училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“.

средства за електронска комуникација, како електронска пошта, Viber, Whatsup, Facebook, или директна телефонска комуникација со семејства кои немаат интернет приклучок, односно технички уреди за следење на онлајн настава.

Вкупно 21 ученик немале техничка можност да следат онлајн настава, а останатите ученици следеле настава индиректно, преку нивните родители. На оние учениците кои немале пристап до технологија и интернет, наставниците им давале насоки и инструкции за работа и учење телефонски, преку директна комуникација со родителите.

Според одговорите, наставниот кадар од училиштето располага со ресурси, но информатичките познавања и дигиталните вештини не се доволни за целосно спроведување на онлајн наставата.

Имајќи ги во предвид индивидуалните способности и можности за учење на учениците од ова училиште, планирањето, организацијата и реализацијата на онлајн наставата била прилагодено од страна на наставниците согласно наставните програми и индивидуалните наставни планови за учениците. Вака модифицирана и прилагодена онлајн настава на можностите и способностите на учениците, според директорот на училиштето, го даде соодветно очекуваниот повратен одговор.

Училиштето извести дека за секој ученик се водело е-портфолио, на неделно ниво се задавале наставни содржини и материјали за учење и работа, кои се оценувале според однапред утврдени чек листи, односно листи за проверка, а за резултатот и точноста на сработеното родителите биле постојано информирани. Во е-портфолијата континуирано се евидентирале повратните одговори за сработеното.

Родителите/старателите на учениците ја давале целокупната поддршка за совладување на наставните содржини и активности. Тие споделувале со наставничкиот кадар и стручната служба дека наидуваат на секојдневни потешкотии и предизивици во совладувањето на наставните содржини со децата. Следствено, наставничкиот кадар, како и стручната служба нуделе директна помош и поддршка преку советодавна стручна и консултативна работа во поглед на поддршка во учењето и емоционална поддршка на учениците и

нивните семејства (телефонски, како и преку е-меил, односно на Facebook страната на училиштето).

Главни предизвици и проблеми со кои се соочиле при реализација на е-наставата се од техничка природа, немање пристап до интернет и технолошки уреди кај дел од семејствата, немање можност за печатење на наставните материјали во домашни услови, недоволна подготвеност на родителите да го помогнат учењето на своите деца (во смисла, немање потребни знаења, вештини и способности за презентација на наставните содржини), како и немање на потребната работна атмосфера која владее во училницата а која ја создаваат наставникот и соучениците.

Како предност на е-наставата ја наведуваат зголемената ангажираност од страна на родителите и подобреното ниво на соработка со наставничкиот кадар и стручната служба од училиштето.

### 2.1.2. ПОУ „Иднина“ – Скопје ( Посебно основно училиште за ученици со интелектуална попреченост)

Наставата во ова училиште се организирала преку далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација и истата започнала од 25.03.2020 година согласно изготвен План за реализација на далечинско учење. За успешна реализација на планот бил формиран тим за поддршка и следење на онлајн наставата кој изготвил упатство за следење на е-наставата, чек листа (листи за проверка ) за учење од далечина.

Едукативни алатки кои се користеле, а кои биле предложени/одобрени од Министерство за образование и наука, биле Microsoft Teams и Google Drive на кои биле споделувани документи, презентации, активности поврзани со учењето. Биле користени и други средства за електронска комуникација и размена на информации, преку електронска пошта, социјални мрежи и веб страната на училиштето.

За учениците/семејствата кои немале пристап до електронски уреди и интернет биле печатени наставните материјали и нивните родители/старатели ги подигнувале од училиштето на претходно договорен термин.

Вкупно 10 ученика од социјално загрозени семејства не можеле да следат онлајн настава. Секој наставник споделувал материјали за самоучење, содржини од наставната програма и други материјали поврзани со предметот, како и линкови од корисни веб страници или содржини од Youtube.

За евиденција на сработеното се користеле чек листи (листи за проверка) индивидуално за секој ученик, односно за секој ученик воделе е-портфолио во кое се прибележувале повратните одговори. Како доказ за сработеното, на ниво научилиште е изготвена е-книга во која се поместени дел од реализираните домашни задачи.

Родителите на учениците биле во постојан контакт со наставничкиот кадар и стручната служба од кои добивале соодветна поддршка. Родителите споделувале со вработените од училиштето појава на различни манифестации на однесување кои се должеле на изолацијата и изменетите услови на живеење.

Во доставениот допис од ова училиште е наведено дека кај значаен дел од учениците за најдобар ефект на наставата неопходни се директни (еден на еден) насочени активности, реализирани од високо-квалификуван наставен кадар – специјални едукатори и рехабилитатори, во простории посебно адаптирани на потребите на учениците.

Од друга страна пак, како позитивен момент во е-наставата го наведуваат тоа што учениците можеле да го совладуваат наставното градиво според лично темпо, во удобноста на своите домови, што било особено позитивно за одредена група на ученици кои имаат нестабилно внимание и при реализација на настава во училница на нив влијаат поголем број на надворешни фактори кои дополнително им го нарушуваат истото.

### 2.1.3. ПОУ „Маца Овчарова“ – Велес (Посебно основно училиште за ученици со интелектуална попреченост)

Наставата во ова училиште од 25.03.2020 се организирала преку учење од далечина. Платформи кои ги користеле за одржување онлајн настава биле Google Drive, Facebook, како и веб страната на училиштето. Дополнително користеле и други начини и облици на електронска комуникација со учениците и нивните родители/старатели, како Viber, Messenger.

Напоменуваат дека 90% од наставничкиот кадар располага со информатичко технички (ИТ) компетенции за спроведување на онлајн настава, додека дури 50% од учениците не биле во можност да следат онлајн настава, од кои 20% поради немање технички можности, а другите поради индивидуалните карактеристики, можности и способности за учење.

Родителите на учениците кои немале пристап до технологија и интернет биле директно контактирани преку телефон и им биле задавани насоки за тоа што да работат со нивните деца. Генерално, ретко добивале повратни одговори за сработеното од родителите, но секој наставник водел е-портфолио за оние ученици за кои добивал повратен одговор (во форма на фотографии и видеа кои се зачувувале на Google Drive).

Во дописот е наведено дека според нивното стручно мислење онлајн наставата генерално не е соодветна за овие ученици, односно дека многу поефикасна и поефективна е директната (лице-в-лице) работа со овие ученици. Истакнуваат дека голем дел од родителите не можеле да им ја понудат потребната поддршка при совладувањето на наставните содржини на своите деца и дека од самите родители добиле коментари дека ваквиот тип на настава е несоодветен и не ја остварува посакуваната цел.

На основа на стекнатите искуства во услови на учење од далечина, констатациите на ова училиште се следниве: неопходно е потребно да се адаптираат сите планирани активности по подрачја, согласно годишната програма за работа и истите да се прилагодат на актуелната состојба, за што неопходно е добивање насоки од страна на МОН и Бирото за развој на образованието; потребно е подобрување на ИТ вештините и компетенциите на наставничкиот кадар, како и на стручната служба, преку дополнителни обуки за онлајн работа и користење на интернет литература и ресурси.

### 2.1.4. ПОУ „Св. Климент Охридски“ – Ново Село (Посебно основно училиште за ученици со интелектуална попреченост)

Ова училиште започнало со реализирање онлајн настава на 24.03.2020, при што биле користени Skype, Messenger, Viber, Facebook, како и телефонска комуникација со родителите/старателите на учениците.

Во дописот е наведено дека наставничкиот кадар има добри информатички познавања за одвивање на онлајн наставата, но ресурсите со кои располагале биле делумно задоволувачки.

Четвртина од учениците од технички причини (немање пристап до интернет, немање компјутер, таблет и сл.) не можеле да следат онлајн настава, а значаен дел од учениците заради примарните потешкотии и индивидуалните карактеристики (отсуство на говор, неможност за задржување на вниманието, оштетен вид и сл.) не можеле успешно да ја следат ваквата настава. Според нив, само мал дел од учениците (и тоа оние со повисоки интелектуални способности) можеле, иако со предизвици, да следат онлајн настава, а при тоа била потребна целосна посветеност од родителите.

Истакнуваат дека онлајн наставата е несоодветна за способностите и можностите на овие ученици, бидејќи работата со деца со попреченост се темели на директно водство, наведување, посочување, допир, контакт со очи, притоа вербалното објаснување е сведено на минимално ниво.

Според нив, онлајн наставата е целосно незамислива без активно учество, ангажман и поддршка од страна на родителите. Истовремено истакнуваат дека многу од родителите потенцирале дека онлајн наставата многу тешко се спроведува, а децата во домашни услови покажувале нетрпеливост, бес, инает, не соработувале со родителите, покажувале раздразливост, неможност за насочување на вниманието. Дел од родителите се пожалиле на потешкотии и поради имање повеќе деца на училишна возраст во семејството, а немање повеќе технички уреди.

За учениците се воделе е-портфолија во кои ги чувале сите повратни информации од реализираните домашни (фотографии, видеа, аудио записи). Наставничкиот кадар, како и стручната служба биле во постојан контакт со учениците и нивните родители, притоа нуделе советодавна и психолошка помош и поддршка.

За натамошно поуспешно изведување на онлајн наставата сметаат дека е потребна стручна информатичка помош и подготовка на наставничкиот кадар, како и задолжителна помош која треба да им се даде на родителите, од причина

што голем дел од се од социјално загрозени семејства и истите се без потребните информатички вештини и познавања поради што не можеле да ги користат едукативните платформи.

Истакнуваат дека наставата за ученици со попреченост е најдобро да се изведува со физичко присуство на учениците во училиште од причина што училиштето располага со потребните наставни, едукативно-дидактички материјали, средства, опрема и технички услови кои се неопходни за стекнување на знаења и вештини кај учениците, како и за нивен сестран развој.

### 2.1.5. Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор, глас и други проблеми во развојот „Кочо Рацин“ – Битола ( Посебно основно училиште за ученици со оштетен слух)

По препорака на МОН бил формиран тим за поддршка на онлајн наставата која започнала да се реализира од 16.03.2020. Тимот во соработка со стручните активи и сите наставници направиле анализа за можните видови на едукативни платформи и средства за електронска комуникација, притоа Zoom платформата била избрана како најсоодветна за далечинско учење, но се користеле и Messenger, Viber, Facebook, како и веб страната на училиштето и директен телефонски контакт. Училишниот тим за поддршка бил во постојан контакт и соработка со родителите на учениците.

Бил изготвен распоред за онлајн наставни часови врз основа на постоечкиот распоред на часови за учебната 2019/20 година и истиот бил навремено објавен и јавно достапен за родителите и учениците. Онлајн часовите се изведувале секој ден од 9.00-11.30ч, а од 11.30-12.30 се изведувала индивидуална поддршка и рехабилитациони третмани со учениците.

Наставниците секојдневно објавувале материјали за работа и учење кои биле во вид на видеа креирани од наставниците, презентации, како и текстовни содржини. Наставниците креирале инструменти за следење, евалуација и оценување на учениците. Секој наставник перманентно водел евиденција за секој ученик, возвратените сработени материјали се зачувувале во е-портфолија.

По барање на МОН бил изготвен список на на ученици од социјално загрозени семејства кои немале технички услови за реализација на далечинско учење и истиот бил доставен до Секторот за основно образование при МОН. За учениците кои немале можност да следат настава од технички причини, од страна на училиштето биле обезбедени наставни материјали и истите биле испратени по пошта на домашна адреса. Дополнително наставниците ги контактирале родителите со цел да им дадат помош и упатства во однос на тоа како да ги изработат зададените задачи. За учениците/родителите кои немале телефонски уреди, училиштето по пат на донации обезбедило телефонски апарати кои биле доставени до родителите. За оние ученици кои немале поддршка од дома за совладување на наставните содржини и активности, наставниците почитувајќи ги мерките за заштита ги посетиле во домот и им ја понудиле потребната помош.

Според мислењето на ова училиште, онлајн наставата се реализирала успешно и покрај специфичните индивидуални карактеристики и способности на учениците.

#### 2.1.6. Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ – Скопје (основно и средно училиште за ученици со оштетен вид)*

Ова училиште започнало со одржување на онлајн настава уште од 11.03.2020, односно најпрво започнале со споделување на едукативни содржини на Facebook страна на училиштето како место каде секој од учениците има пристап, а од 24.03.2020 воведено било далечинско учење – учење од дома, притоа ги користеле платформите Zoom и Edmodo, како и Viber, Skype, Facebook и телефонска комуникација со учениците и родителите.

Сите ученици, со исклучок на еден, имале можност за следење на онлајн наставата, а на тој еден ученик му била доделена интернет картичка од МОН. Онлајн наставата се реализирала согласно утврден распоред на часови и наставниците нашле начин да го пренесат наставниот материјал до учениците.

* Ова училиште е единствено државно училиште за ученици со оштетен вид (слепи и слабовидни) во кое се реализира настава за ученици од основно и средно образование

Сметаат дека поради тоа што се работи за ученици со оштетен вид каде сетилото за допир игра клучна улога, директната работа со овие ученици дава најдобри резултати, одобено за учениците од пониските одделенија.

За секој ученик се водело е-портфолио каде се евидентрале добиените повратни одговори. Родителите на учениците биле целосно ангажирани во реализирањето на поставените задачи и активности од страна на училиштето. Покрај наставничкиот кадар, дополнителна поддршка на учениците им се давала и од страна стручниот тим (психологот, специјалниот едукатор и рехабилитатор).

## 2.2. Анализа на одговорите добиени од средните училишта

### 2.2.1. Државно средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје ( Посебно средно училиште за ученици со интелектуална попреченост)

Наставата во ова училиште се организирала и реализирала преку далечинско учење, односно учење од дома со примена на средства за електронска комуникација од 25.03.2020. Бидејќи понудените едукативни платформи од МОН биле тешки за работа и учење на овие ученици, комуникација со нив и нивните родители се остварувала преку социјалните мрежи – Facebook. Mesenger, Viber и преку електронска пошта.

Поголемиот дел од кадарот имале добри информатички познавања и користеле ИКТ во наставата и претходно, а само мал дел немале технички ресурси за реализација на онлајн наставата и истите добивале помош од другите колеги.

Во ова училиште имало вкупно 30 ученици кои немале пристап до интернет и технологија (ученици од социјално загрозени семејства) за што го информирале МОН. Овие ученици, односно нивните родители биле контактирани телефонски и се обидувале на тој начин да го реализираат далечинското учење, но наишле на голем број проблеми, и информираат дека тоа било практично невозможно да се реализира.

Наведуваат дека од овие причини онлајн наставата ја следеле само 60% од учениците. Наставниците ја прилагодувале е-наставата на можностите и способностите на учениците.

Воделе е-портфолија за учениците каде ги поместувале повратните одговори и реализираните активности. Портфолијата биле доставени од страна на наставниците до училишниот тим за поддршка и следење на реализацијата на далечинско учење.

Учениците кои следеле онлајн настава на редовна основа соработувале со наставниците. Сите ученици кои следеле онлајн настава имале голема поддршка од своите родители за навремено и успешно завршување на зададените задачи. Родителите изразиле незадоволство од ефектот на онлајн наставата бидејќи поради тоа што децата се со интелектуална попреченост потребен им е директен контакт, водство и насоки од наставниците и стручните лица, односно единствено успешна е настава со физичко присуство. Дополнително родителите искажале поплаки и во однос на негативни психолошки ефекти кои се јавиле заради изолацијата.

Наставничкиот кадар и стручната служба им давале помош и поддршка на учениците/родителите при справување со ваквите негативни појави преку телефонски разговори, како и вклучување на родителите во онлајн работилници организирани од стручните соработници. Истакнуваат дека онлајн наставата нема никакви предности во споредба со класичната настава, бидејќи за оваа категорија ученици само директниот контакт со наставниците и стручните лица дава позитивни ефекти во однос на учењето и генерално врз целокупниот напредок.

### 2.2.2. Државно средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ – Штип ( Посебно средно училиште за ученици со интелектуална попреченост)

Ова училиште започнало со одржување онлајн настава на 17.03.2020 притоа се користел Facebook каде се постирале наставните материјали и содржини. Дополнително се користел и Viber. Во групата на Facebook биле вклучени сите наставници, воспитувачи и стручната служба, а учениците се

вклучувале преку нивните приватни профили или преку профили на родителите. Бил изготвен распоред за објавување на наставен и воспитен материјал, како и материјали за слободни активности и рехабилитација, според возраста на учениците.

Наставно-воспитниот кадар и стручната служба располагал со основни ресурси (компјутер и телефон) и основни ИТ познавања, но немале искуство за реализација онлајн настава, па дел од нив имале проблеми и тешкотии во работењето.

Дел од учениците не можеле да го следат овој тип на настава, едни од причина што нивните индивидуални способности и можности не се развиени на тој степен за да можат да следат учење од далечина (тука особено ги потенцираат учениците со аутизам), а друг дел од учениците (вкупно 11) немале соодветни ресурси (уреди и интернет). Податоци за овие ученици доставиле до МОН, но сепак истите не добиле технички уреди, ниту интернет картички, па од училиштето им посочиле да следат училишна програма на МРТВ (Е-училница).

Истакнуваат дека во почетокот комуникацијата со учениците/родителите била поинтензивна, но подоцна, при крајот на учебната година, интересот и интеракцијата намалиле во интензитет. Покрај наставните содржини, наставниците секојдневно објавувале и воспитни содржини, воннаставни активности и едукативни содржини преку презентации, слики, видеа од различни области, како екологија, добро однесување, хигиена и здравствено воспитание, здрава храна, сообраќајна култура, упатства за изработка на ракотворби, упатување за следење театарски претстави, концерти и сл. За време на викендите објавувале содржини за забава и релаксација, како загатки, крстозбори, ребуси и сл. Редовно објавувале информации, соопштенија и препораки од Министерството за здравство и едукативен материјал за заштита од Ковид-19. Редовно контактирале со родителите и им помагале во случаи на потреба, односно давале стручна помош и поддршка. Споделуваат мислење дека класичната настава е неспоредливо посоодветна за учениците од оваа категорија.

### 2.2.3. Државен училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ – Скопје ( Посебно средно училиште за ученици со оштетен слух)

Ова училиште започнало со одржување на онлајн настава на 25.03.2020, по претходно изготвен план за реализација на далечинско учење, односно учење од дома. Планот го изготвиле со цел да се обезбеди што поголема вклученост на учениците, координирана работа на наставниците во подготовка на наставниот материјал, следење на оптовареноста на учениците со наставни содржини во склад со возраста и нивните карактеристики/способности. Наставните материјали ги поставувале на Google Drive на веб страната на училиштето, но исто така користеле и Viber, Messenger, Skype, Facebook, Instagram.

Остварувале и телефонска комуникација со родителите на учениците кои немаат оштетување на слухот. Училиштето формирало училишен тим за поддршка и следење на реализаицијата на наставата. Освен училишниот тим, класните раководители биле задолжени да комуницираат секојдневно со учениците и нивните родители со цел да ја следат работата на учениците и да ги согледаат евентуалните проблеми со кои се соочуваат. На неделно ниво споделувале информации со тимот, а по потреба и почесто, со цел полесно и ефикасно надминување на проблемите.

Сите наставници располагале со потребните ресури за реализаиција на овој тип настава (пристап до интернет, компјутери, смарт телефони), како и со потребните ИТ вештини. Дополнително добивале поддршка и од наставникот по информатика. Дел од наставниците посетиле и онлајн обука организирана од МОН а реализирана од „Семос едукација“ за користење на платформата Microsoft Teams која би требало во иднина да се користи како официјална и професионална платформа во сите училишта.

Повеќето од учениците (со исклучок на оние со комбинирана попреченост – кои покрај оштетување на слухот имаат и интелектуална попреченост) имаат добри компјутерски вештини и добро се снаоѓале со електронска комуникација. Но не сите ученици имале технички можности да следат онлајн настава. Имено, некои ученици немале компјутери дома, дел од нив немале постојана интернет

врска. За учениците кои немале соодветна технологија се организирала и друг вид на поддршка (се давале насоки на нивните родители преку телефон, или користеле интернет и технологија од своите соседи и пријатели).

Наставниците имале разбирање за учениците, па биле флексибилни во однос на времето на доставување повратни одговори, односно не се придржувале стриктно до поставените рокови за извршување на зададените задачи. Воделе е-портфолија за учениците, каде биле зачувувани сите повратно добиени одговори и сработени задачи.

Како посебни проблеми и предизивици со кои се соочило ова училиште во однос на реализацијата на онлајн наставата ги истакнуваат неможноста за спроведување практична настава (која се спроведува во директна работа во текстилна и машинска струка), како и тоа што дел од родителите на учениците се исто така лица со попреченост (со оштетен слух или лица со комбинирана попреченост), па истите не биле во можност да им дадат помош и поддршка на своите деца во совладувањето на наставните содржини.

Истакнуваат дека воведувањето на карантински мерки, социјалната изолација и неможноста секојдневно да комуницираат со своите наставници и соученици, многу ги погодило учениците и истото имало негативни психолошки ефекти врз дел од учениците. Наставниците, воспитувачите и останатиот стручен персонал постојано излегувале во пресрет со цел обезбедување максимална поддршка како на учениците, така и на нивните родители.

Потенцираат дека учењето од далечина во никој случај не може да ја замени класичната настава, која има повеќе предности, но првенствено истата е посоодветна за оваа категорија на ученици поради непосредното присуство на наставникот, неговото директно водство во процесот на учење, методите за мотивација насочени кон секој ученик поединечно, примената на нагледни средства итн.

## 3. Заклучни согледувања

Од анализата на одговорите дадени од училиштата генерално произлегува заклучокот дека овој тип на настава е *несоодветен за учениците со попреченост и дека ништо не може да ја замени директната лице-в-лице работа со овие ученици*. Наведеното, поради нивните карактеристики, можности и способности за учење, но и поради фактот што голем број од овие ученици ги немаат потребните ресурси вклучително и поддршка за следење настава од дома.

Во реализацијата на онлајн наставата училиштата за ученици со попреченост се соочиле со следниве **проблеми и предизвици** :

- немање пристап до технолошки ресурси (немање компјутер, таблет, смарт телефон) и немање интернет неопходни за далечинско образование, со што голем дел од учениците немале континуитет во едукацијата.
- тешкотии или целосна неможност за следење онлајн настава поради примарните потешкотии и индивидуалните карактеристики, можности и способности за учење (намалени когнитивни способности, оштетен вид и слух, отсуство на говор, неможност за насочување и одржување на вниманието итн);
- неможност за ефективно совладување на наставниот материјал, поради неможноста за користење на едукативно-дидактички наставни материјали и средства кои ги поседуваат и кои ги користат посебните училишта во наставата;
- недоволно развиени ИТ компетенции на наставничкот кадар за спроведување квалитетна е-настава;
- неможност учениците директно да следат инструкции и насоки за работа дадени од наставниците (специјалните едукатори и рехабилитатори);
- неможност за директно водство на процесот на учење од страна на наставниците и неможност за примена на методите за мотивација насочени кон секој ученик поединечно, како и примена на нагледни дидактички средства;
- неможност родителите да им ја дадат потребната поддршка за совладување на наставните содржини на своите деца;

- негативен ефект поради нарушување на веќе стекнатите дневни рутини и шеми на однесување што генерално предизвикало низа негативни психолошки и бихејвиорални последици кај децата и сл.

<u>Предности на онлајн наставата, кои ги истакнуваат училишта се следниве:</u>

- зголемена ангажираност од страна на родителите;

- подобрено ниво на соработка меѓу родителите и наставничкиот кадар и стручната служба од училиштето;

- учениците можеле да ги совладуваат наставните содржини според лично темпо, во удобноста на своите домови;

- позитивно влијаело на одредена група на ученици кои имаат проблеми со фокусирање на вниманието и концентрација и за кои при реализација на настава во училница постојат поголем број на надворешни фактори кои им го нарушуваат и онака нестабилното внимание.

<u>Согласно добиените одговори може да се заклучи дека:</u>

- Само во некои училишта бил формиран тим за поддршка и следење на онлајн наставата;
- Неколку училишта имале изготвен План за реализација на далечинско учење;
- Најчесто користени онлајн алатки и платформи, како и средства за електронска комуникација биле: веб страните на училиштата, Zoom, Google Drive, електронска пошта, Viber, Messenger, Facebook, Instagram, Skype, Whatsup, Microsoft Teams, Edmodo;
- Голем дел од учениците немале пристап до потребната технологија и интернет за да можат во континуитет да ја следат е-наставата.
- Училиштата доставиле податоци до МОН за учениците кои немале технички можности за следење на наставата, но сепак, повеќето не добиле технички уреди, ниту им биле доделени СИМ картички со вклучен интернет;
- Комуникацијата со учениците/семејства кои немале интернет, односно технички уреди за следење на онлајн настава, била преку телефон и им биле давани директни инструкции и насоки за работа од дома;

- Воглавно наставниот кадар од училиштата располагал со технички ресурси, но информатичките познавања и дигиталните вештини не биле доволни за спроведување на квалитетна онлајн наставата;
- Зголемен ангажман и целосна посветеност од родителите/старателите, но и покрај тоа голем дел од нив не можеле соодветно да го помогнат учењето на своите деца (поради немање потребни знаења, вештини и способности за презентација на наставните содржини, како и поради имање повеќе деца на училишна возраст во семејството, а немање соодветен број технички уреди);
- За многу од родителите/старателите реализирањето на онлајн наставата било проблематично и наидувале на секојдневни потешкотии во совладувањето на наставните содржини со своите деца;
- За учениците биле водени е-портфолија, во кои се евидентирале сработените активности и задачи кои училиштата ги добивале најчесто на неделна основа;
- Забележани биле низа негативни психолошки ефекти кои се јавиле поради изолацијата и променетиот начин на живеење, односно поради промената на вообичаените навики и начини на однесување и живеење;
- Кај одреден дел од учениците со попреченост била забележана појава на ансиозност, раздразливост, инает, отпор, облици на предизвикувачко однесување, агресија кон себе и кон лицата од околината и слично;
- Наставничкиот кадар и стручната служба од училиштата давале помош и поддршка преку советодавна стручна и консултативна работа и поддршка во учењето и справувањето со негативните психолошки ефекти.

**Општ заклучок** кој произлегува од доставените одговори е дека наставата за ученици со попреченост е најдобро да се изведува со физичко присуство на учениците во училиште, под директно водство од страна на наставниците и стручните лица, од причина што училиштето располага со потребните наставни, едукативно-дидактички материјали, средства, опрема и технички услови кои се неопходни за стекнување на знаења и вештини кај учениците, како и за нивен целокупен сестран развој.

Класичната настава е неспоредливо посоодветна за учениците со попреченост и истата ги дава посакуваните резултати, односно единствено

успешна е настава со физичко присуство, бидејќи работата со деца со попреченост се темели на директно водство, наведување, посочување, непосреден контакт, контакт со очи, работа лице-в-лице.

## 4. Препораки

Ресорното Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието при планирање на учењето на далечина, кое ги вклучува и посебните основни и средни училишта, задолжително треба да ги земат предвид и овие училишта, како и потребите на нивните ученици, при што треба да се осигура достапност на содржините, методите и технологијата. Само тогаш може да се почитуваат принципите на недискриминација и универзалност.

Реформите на образовниот систем со цел решавање на нееднаквостите, мора да започнат со препознавање на постојните проблеми и предизвици со кои се соочувале учениците со попреченост од посебните основни и средни училишта за време на онлајн наставата, при што треба да се изнајдат начини истите итно и ефективно да се решат.

Народниот правобранител **препорачува,** при изборот и креирањето на модалитетот за изведување (следење) на настава, да се имаат предвид и овие категории на ученици, при што во изборот на начинот на реализација на истата да не се поаѓа само од типичниот ученик.

Според Народниот правобранител, креаторите на образовните политики треба да ги идентификуваат и да се раководат од потребите на најмаргинализираните категории, вклучително и учениците со попреченост, при што да обезбедат непречен пристап, квалитетно следење и успешно стекнување на знаења, без разлика дали се вклучени во редовните или посебните училишта. Впрочем, достапноста, пристапноста, приспособливоста и прифатливоста на образовниот систем, и во редовни и во време на вонредни состојби, се итни обврски на државата која е потписник на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Оттука, потребно е обезбедување на непречен пристап до правото на образование на секое дете, дури и во услови на учење од далечина, што пак

подразбира зајакнување на капацитетот на образовниот систем во целина, со цел да допре до сите ученици, целосно и ефективно учество, пристапност, присуство и успех на сите ученици, особено оние кои, поради различни причини, се исклучени или се во ризик да бидат маргинализирани.

Покрај горенаведеното, Народниот правобранител во насока на подобрување на онлајн наставата во посебните основни и средни училишта ги дава следниве **препораки**:

- Потребно е да се адаптираат сите планирани активности по предмети и подрачја, согласно годишната програма за работа и истите да се прилагодат на настава во услови на далечинско учење;

- Неопходно е добивање конкретни насоки и упатства од страна на МОН и Бирото за развој на образованието, општо во однос на реализиацијата на онлајн настава, како и специфично, за користење на соодветни едукативни платформи со содржини кои ќе одговараат на способностите за учење на учениците со попреченост;

- Зајакнување и подобрување на ИТ вештините и компетенциите на наставничкиот кадар, како и на стручната служба, преку дополнителни обуки за онлајн работа и користење на едукативни платформи, интернет литература и ресурси;

- Навремена и во континуитет помош и поддршка на наставничкиот кадар од страна на стручни лица-информатичари од Министерството за образование и наука/ Бирото за равој на образованието кои ќе им бидат на располагање на посебните основни и средни училишта;

- Задолжителна помош и поддршка на родителите, преку обезбедување на технолошки средства и опрема за непречено следење на онлајн настава, како и нивна обука за користење на истите, при што да се има предвид дека голем дел од децата се од социјално загрозени семејства кои се без потребните информатички вештини и познавања за користење на едукативните платформи.